Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative Procedurë të Marrëdhënies së Punës dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено . Pranuar: 07-10-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 1585/1 | | |

[redacted]

ЕКО свест

Бр. 192-25/0602
06.10 2025 год.
СКОПЈЕ

( Образец ПП……)

**До: <u>Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен</u>**
**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од: [redacted] бр. 30 1-6, тел 02/321-7247, имеил [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со судски случај а кој се однесува на животната средина, заведен во Управниот суд под број У-3.бр.266/2019, а поведен врз основа на Тужба поднесена од [redacted] против Решение бр. УП.бр.0807-16 од 04.05.2018 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

На ден 18.06.2020 година, Управниот суд донесе ПРЕСУДА со која Тужбата СЕ УВАЖУВА, а Решението бр. УП.бр.0807-16 од 04.05.2018 година на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен СЕ ПОНИШТУВА.

Во истата се наведува *„Наведените причини според Судот се доволен основ да се уважи тужбата и да се поништи решението на тужениот орган, при што тужениот орган е должен да постапи по забелешките дадени во оваа пресуда и во повторната постапка по увид во изјавената жалба и приложените докази, имајќи ги предвид и наводите од тужбата, да ги спроведе потребните дејствија и да донесен правилно и законито решение"*.

**Имајќи го предвид погоренаведеното, БАРАМЕ да ни ги доставите следните информации:**

- **Копија од Решението бр. бр.24-2257/2 од 10.05.2017 година на Министерството за животна средина и просторно планирање;**
- **Копија од Жалбата против Решението на Министерството за животна средина и просторно планирање бр.24-2257/2 од 10.05.2017 година доставена до Државната комисија;**
- **Копија од Решение бр. УП.бр.0807-16 од 04.05.2018 на Државната комисија;**
- **Дали Државната Комисија до сега постапила по Пресудата бр. У-3.бр.266/2019, односно донела ново Решение согласно насоките на**

[redacted]

**Управниот суд?;**

**Доколку да, Ве молиме да ни доставите копија од истото._**

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

[redacted]

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил** [redacted]
- д) друго ________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 06.10.2025 година .** [redacted] ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Здружение Центар за истражување и информирање за животна средина ЕКО СВЕСТ Скопје

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

24.10.2025

**Архивски број:** 1005-1585/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ" бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното

## РЕШЕНИЕ
## за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено од страна [redacted] Скопје и заведено под број 1005-1585/1 **СЕ УВАЖУВА**.
2. Бараната информација со која располага Државната комисија ќе биде доставена како што е наведено во самото барање.

## Образложение

На ден 07.10.2025 г. од страна на [redacted] Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер и заведено под број 1005-1585/1.

Во Барањето е наведено дека подносителот бара да му се достават следниве информации:

1. Копија од Решението бр.24-2257/2 од 10.05.2017 г. на Министерството за животна средина и просторно планирање;
2. Копија од жалбата против Решението на Министерството за животна средина и просторно планирање бр..24-2257/2 од 10.05.2017 година доставена до Државната комисија;
3. Копија од Решение бр.Уп.бр.0807-16 од 04.05.2018 година на Државната комисија;
4. Дали Државната комисија до сега постапила по Пресудата бр.УЗ.бр.366/2019, односно донела ново Решение согласно насоките на Управниот суд? Доколку да, Ве молиме да ни доставите копија од истото


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Начинот на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација е во вид на електронски запис, а начинот на доставување е по е- маил.

Согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Поради сето погоре наведено, Државната комисија постапувајќи по поднесеното Барање, на подносителот на истото ќе му ја достави следнава информација:

1. Копија од Решение бр.24-2257/2 од 10.05.2017 г. на Министерство за животна средина и просторно планирање;
2. Копија од Жалба на Еколошкото здружение на граѓани „ФРОНТ 21/42" изјавена против Министерство за животна средина и просторно планирање;
3. Копија од Решение Уп.бр.0807-16 од 04.05.2018 година на Државната комисија;
4. Во однос на четвртото прашање, Државната комисија постапила по насоки на Пресуда УЗ.бр.266/2019 на Управен суд и на седница одржана на ден 10.04.2025 година донесе Решение со наш број Уп.бр.0807-16. Примерок од донесеото Решение во фотокопија Ви доставуваме во прилог на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ / ZËVENDËS KRYETAR**
**JUSUF MINIRI**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

24.10 2025 година

**Архивски број:** 1005-1585/3

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог на ова известување Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија.

Со почит,

**ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ / ZËVENDËS KRYETAR**
**JUSUF MINIRI**

Прилог: Решение број 1005-1585/2

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk